Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ
KËSHILLI BUXHETOR GJYQËSOR

Ул.“Македонија“бр.5,1000 Скопје|тел. 02/3218-136 sudskibudzet@ssrm.mk
Rr.”Makedonia”nr.5,1000 Shkup/tel. 02/3218-136 sudskibudzet@ssrm.mk

Бр.Nr 02-1258/35
26.07.2024 год,
Скопје/Shkup

Врз основа на член 4 став 3, член 8 став 2 и член 9 алинеја 2 од Законот за судски буџет (Сл. весник на РМ бр.60/03, 37/06, 103/08 и 145/10), а по доставено решение на Основен суд Свети Николе Су 04 бр.25/24-2 од 12.07.2024 година за исплата на јубилејна награда на судскиот службеник Блаже Марковски, Судскиот буџетски совет на 231 седница одржана на ден 25.07.2024 година донесе:

**ОДЛУКА**
**ЗА НЕООДОБРУВАЊЕ НА СРЕДСТВА НА ОСНОВНИОТ СУД СВЕТИ НИКОЛЕ ЗА ИСПЛАТА НА ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА**

1. Судскиот буџетски совет донесува одлука за неодобрување на средства на Основен суд Свети Николе за исплата на јубилејна награда на судскиот службеник Блаже Марковски, во вкупен износ од 40.682 денари.

2. Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Образложение

Основниот суд Свети Николе до Судскиот буџетски совет доставено решение на Основен суд Свети Николе Су 04 бр.25/24-2 од 12.07.2024 година за исплата на јубилејна награда на судскиот службеник Блаже Марковски, во вкупен износ од 40.682 денари.

Судскиот буџетски совет на својата 231 седница одржана на ден 25.07.2024 година го разгледа решението на Основен суд Свети Николе, при што донесе одлука дека не се одобруваат бараните средства, од причина што донесеното решение е во спротивност со одредбите од Општиот колективен договор за јавниот сектор со кои е уредено правото на исплата на јубилејна награда, односно е во спротивност со донесениот заклучок на Советот од 218 седница, согласно кој јубилејна награда согласно Општиот колективен договор за јавниот сектор ќе се исплаќа само на оние вработени во единките корисници на судската власт кои во 2024 година навршуваат точно 10, 20, 30 и 40 години непрекината работа кај ист работодавач.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ**

**Весна Дамева**